РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ц.о.
Бр. 03-282/1
29.10. 2025 од.
Скудриње-Маврово и Ростуше

ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ - СКУДРИЊЕ
☎ +389 042 470 309
e-mail: blazekoneskiskud@gmail.com; web: ooublazekoneskiskudrinje.edu.mk

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ с. СКУДРИЊЕ – ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ

## За период од 2023 до 2025 година



**ОКТОМВРИ , 2025**

| Самоевалуација на училиштето за периодот од 2023/2024 и 2024/2025 година | |
|---|---|
| **Училиште** | **ООУ „Блаже Конески“ Скудриње** |
| Адреса | **С.Скудриње, Маврово и Ростуше** |
| Телефон, е-пошта | **042/470-309. 1257 Скудриње** |
| Период на подготовка на СЕУ | **Август –Октомври 2025** |
| Број на учениците во училиштето | **128 - 101** |
| Број на подрачни училишта | **2** |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | **Бешир Рамадани** |
| Потпис | ***Бешир Рамадани*** |
| Датум | **Октомври 2025** |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | **Мирвет Мурати** |
| Потпис | ***Мирвет Мурати*** |
| Датум | **Октомври 2025** |

# И З В Е Ш Т А Ј

## од спроведената самоевалуација на ООУ „Блаже Конески“ –Скудриње, Маврово и Ростуше за период 2023/2024 – 2024/2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25 година) Општинското основно училиште „Блаже Конески“- Скудриње, Маврово и Ростуше изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023- 2025 година. За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 28.08.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

**Комисија за спроведување на самоевалуацијата:**

**1.Бешир Рамадани**

**2.Мерхан Рамадани**

**3.Медат Арслани**

**4.Семир Абдули**

**5.Мирвет Мурати**

Самоевалуацијата беше спроведена за периодот 2023/2024 и 2024/2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, сотоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше само евалуацијата, односно:

**Тимови за самоевалуација**

| **Тим 1 : Подрачје, Планирање, учење и настава** | **Тим 3 : Подрачје, Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|---|
| Мерхан Рамадани – Координатор<br>Членови:<br><br>1. Ариф Јонузоски<br>2.Марија Цветкоска<br>3.Шефкија Рамаданоски<br>4.Сеит Сејдију | Мерхан Рамадани – Координатор<br>Членови:<br><br>1.Мустафа Велију<br>2.Алмедина Абдули<br>3.Аџија Мурати<br>4.Мелиха Дестаноска |
| **Тим 2 : Подрачје, Постигања на учениците** | **Тим 4 : Управување и раководење** |
| Мерхан Рамадани – Координатор<br>Членови:<br><br>1. Асан Елези<br>2.Емсел Шабани<br>3.Емир Мирто<br>4.Семир Абдули | Мерхан Рамадани – Координатор<br>Членови:<br><br>1.Дашмир Бардуљ<br>2.Мухамед Јонузоски<br>3.Медат Арслани<br>4.Фикрет Максути |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје.

Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **Планирањананаставниците**<br>-Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>- Размена на искуства и информации при планирањето<br><br>**1.2 Наставен процес**<br>-Реализација на наставните планови и програми<br>-Избор на наставни предмети<br>-Избор на задачи, активности и ресурси<br>-Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>-Реализација на образовна инклузија<br>-Активности за меѓуетничка интеграција во образованието<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>-Средина и атмосфера за учење<br>-Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>-Училишна политика за оценување<br>-Методи, форми и инструменти за оценување<br>-Коефициент на континуитет на успехот на учениците<br>-Користење на информациите од оценувањето во наставата<br><br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари**<br>-Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>- Опфатеност нау чениците од различен пол и јазик на наставата<br>-Вклученост на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности<br>- Натпревари и постигнувања |

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКУДРИЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2025 ГОДИНА

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ✓ Планови и програми за работа на наставниците, записници од активи и стручни совети,<br>✓ педагошки белешки,<br>✓ годишен план на училиштето,<br>✓ интервјуа и разговори со наставници и стручната служба. | ✓ Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Планирањето на наставниот процес во училиштето сеодвива на повеќе нивоа и претставува континуиран процес кој го поттикнува професионалниот развој на наставниците. Наставниците изработуваат годишни, тематски . неделни и сценарија за наставен час во согласност со наставните програми и образовните стандарди. Планирањето најчесто сереализира тимски, преку соработка ворамки на предметните активи, одделенските заедници и стручните совети, каде што се усогласуваат наставните цели, методите на работа и критериумите за оценување.<br>Стручнатас лужба, особено педагогот, има клучна улога во поддршката и следењето на планирањата. Тие редовно учествуваат во подготовка на годишните планови, даваат насоки за индивидуализирано планирање во согласност со потребите на учениците, како и совети за примена на активни методи на учење. Педагогот исто така врши увид во плановите, следи нивна реализација и обезбедува континуирана поддршка за подобрување на квалитетот на наставниот процес. |
| | ✓ Размена на искуства и информации при планирањето | Помеѓу наставниците постои развиена културана размена на искуства и соработка. Често се организираат состаноци за координација, споделување успешни практики и примери од наставата, како и меѓусебно помагање при подготовка на наставни материјали. Наставниците користат современи дигитални алатки и платформи за меѓусебна комуникација и размена на наставни ресурси, што придонесува за подобра организација и ефикасност. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Како добар пример може да се наведе заедничката реализација на наставни часови во Активите, каде наставниците од различни области ги усогласуваат своите планови за да се обезбеди интегриран пристап кон учењето. На овој начин се поттикнува тимската работа, креативноста и примена на иновативни наставни форми.<br><br>Ваквиот пристап овозможува планирањето да биде динамичен, флексибилен и прилагоден на потребите на учениците, како и на целокупните цели на училиштето за подобрување на квалитетна наставата и учењето. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ✓ Годишна програма за работа на училиштето;<br>✓ распоред на часови;<br>✓ е-дневник;<br>✓ педагошка евиденција и документација;<br>✓ списоци и извештаи од реализирани обуки;<br>✓ записници од состаноци на стручни активи;<br>✓ анкети со наставници; ученици, родители;<br>✓ дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; | Реализација на наставни планови и програми | Реализацијата на наставните планови и програми е во согласно законските прописи, календарот за работа на основните училишта, воннаставните активности и општествено-корисната работа согласно Годишната програма за работа на училиштето за тековната учебна година.<br>Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. |
| | Избор на наставни предмети | Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Согласно спроведуваните анкети на крајот на учебната година за наредната учениците и родителите даваат согласност за избор на овие наставни предмети и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, притоа, најголем дел сметаат дека користат различни приоди за учење и настава користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. |

| | | |
|---|---|---|
| извештаи од посети на наставни часови;<br>✓ решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>✓ изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;<br>✓ записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;<br>✓ извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Интеракцијата меѓу наставниците и учениците се одвива во позитивна, пријателска и поддржувачка атмосфера, со меѓусебна почит и соработка. Наставниците се трудат да ги поттикнат учениците на активно учење, поставување прашања и критичко размислување, што придонесува за развој на нивната самодоверба и одговорност. |
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето е составерн согласно законските норми и има Програма за работа.<br>Секоја година се ажурира и редовно се следат учениците со диференцијални активности и ученици кои нивните родители доставиле МКФ.<br>Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.<br>Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост но без посебна потребната подршка.<br>Помал број од наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП.<br>Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите во голема мета се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост.<br>Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот.<br>Се применува индивидуализиран пристап, особено кај ученици со потешкотии во учење, при што се адаптираат материјалите, темпото и начинот на работа. |

| | | |
|---|---|---|
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Училиштето има две партнер училишта со кои има спроведувано заеднички активности. Во последниот период заради промени на раководните кадри не се реализираат овие активности, но исртите се реализираат на ниво на училиште со реализација на наставни часове на одделенската заедница, саеми на храна, гостувања во други училишта и средини, културна соработкаи почитување на различноститекако и надминувања на стереотипите и предрасудите. |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ✓ Анкета со учениците, родителите и наставниците;<br>✓ разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници;<br>✓ разговор со стручна служба;<br>✓ увид во ученичките досиеја;<br>✓ увид во евиденцијата на стручните соработници. | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Сите учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење.<br>Голем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот.<br>За време на часовите учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.<br>Во текот на наставата се користат различни активности кои овозможуваат учениците да бидат активни учесници, а не само пасивни слушатели.<br>Преку тимска работа, дискусии, игри и истражувања, учениците ја развиваат соработката, критичкото мислење и самодовербата. |

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.<br>Најголем дел од наставниот кадар, во соработка со педагогот, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.<br>Во училиштето се спроведуваат и програми за поддршка на учениците со потешкотии во учењето.<br>Овие активности се реализираат во соработка меѓунаставниците, педагогот, и родителите. За овие ученици се изработуваат индивидуални образовни планови и се организираат дополнителни часови или индивидуални сесии.<br>Сите овие активности придонесуваат учениците да имаат позитивно искуство од учењето, да го доживуваат училиштето како место каде што можат да се развиваат, да напредуваат и да гиоствaруваат своите потенцијали. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ✓ Програма за работа на училиштето;<br>✓ распоред за додатна и дополнителна настава;<br>✓ списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br>✓ правилник за оценување и | Училишна политика за оценување | Училиштето има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања.<br>Наставници применуваат формативно и сумативно оценување. , а оценувањето во училиштето се спроведува во согласност со законските прописи и правилниците на Министерството за образование, при што наставниците се стремат кон објективност, транспарентност и континуитет во процесот.<br>Училиштето има воспоставена јасна политика за оценување,со која се запознаени сите наставници и ученици.<br>Таа ги дефинира критериумите, начинот на вреднување и формите на повратна информација. |

| | | |
|---|---|---|
| напредување на учениците;<br>✓ интерен правилник за оценување;<br>✓ увид во педагошката евиденција и документација;<br>✓ користените инструменти за оценување;<br>✓ примери на оценети ученички трудови;<br>✓ записници од стручните активи,<br>✓ наставничкиот совет;<br>✓ анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите;<br>✓ инструменти за индивидуализирани начини на проверка | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците применуваат разновидни методи и инструменти за оценување, прилагодени на природата на предметот и на индивидуалните карактеристики на учениците.<br>Освен традиционалните форми (усно и писмено оценување), секористат и современи пристапи како самооценување, врсничко оценување, проектни задачи, истражувачки трудови и практични демонстрации, презентации, додатни активности.<br>Ваквиот пристап овозможува целосно согледување на знаењата, вештините и ставовите на учениците.<br>Оценувањето не се сфаќа само како алатка за утврдување на успех, туку и како интегрален дел од процесот на учење.<br>Наставиците редовно прават контроли за напредокот на учениците кои се вметнуваат во досието на ученикот |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет<br>Континуитетот на успехот на учениците се следи преку редовни анализи на полугодишно и годишно ниво.<br>Особено внимание се посветува на учениците кои покажуваат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, преку организирање дополнителна настава. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.<br>Наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br>Во училиштето се негува практика на навремено информирање на учениците и родителите за постигнувањата, преку класни состаноци, евидентни листови, индивидуални разговори и електронски дневник.<br>Ова придонесува за зголемена одговорност, транспарентност и доверба во системот на оценување.<br>Ваквиот систем овозможува оценувањето да биде фер, мотивирачко и насочено кон развој на ученикот, при што секој ученик добива можност да напредува според сопствениот потенцијал и труд. |

**Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари**

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| ✓ Годишна програма за работа;<br>✓ програми за вонаставни активности;<br>✓ извештај од реализирани екскурзии;<br>✓ педагошка евиденција и документација;<br>✓ дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за вонаставни активности;<br>✓ записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>✓ список на ученици вклучени во вонаставни активности;<br>✓ увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн. | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности | Во училиштето се реализира широк спектар на вонаставни активности кои опфаќаат образовни, културни, спортски, уметнички, хуманитарни и еколошки содржини. Програмата е урамнотежена и овозможува секој ученик да се вклучи во активност што одговара на неговите интереси и способности.<br>Активностите се планираат во рамките на годишниот план и се реализираат преку клубови, секции, ученички проекти, кампањи и тематски денови.<br>Во последните години, училиштето покажува континуираност и зголемен интерес кај учениците за учество, особено во еко-акции,фолклорни секции; драмски секции и спортски активности. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со вонаставните активности | Училиштето обезбедува рамноправна вклученост на учениците без оглед на нивниот пол, етничка припадност или наставен јазик. При изборот и реализацијата на активностите се води сметка сите ученици да имаат еднаква можност за учество.<br>Во училиштето се организираат заеднички активности на ученици од различни паралелки и наставни јазици, што придонесува за поголема социјална поврзаност и меѓуетничка интеграција.<br>На пример, при реализација на еколошките акции, културните настани и спортските турнири, секогаш се вклучуваат мешани групи на ученици.<br>Ваквиот пристап создава атмосфера на толеранција, соработка и меѓусебно почитување. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонаставните активности | Учениците се активен дел од процесот на избор и организација на активностите.<br>Преку ученичкиот парламент, одделенските заедници и директна комуникација со наставниците, тие предлагаат идеи за теми и активности што сакаат да се реализираат во текот на учебната година.<br>Наставниците ги охрабруваат учениците да бидат иницијатори на настани, како што се хуманитарни акции, волонтерски проекти, изложби и спортски турнири.<br>Со тоа се развива чувство на одговорност, самодоверба и припадност кон училиштето.<br>Учениците ја гледаат својата улога не само како учесници, туку и како организатори и лидери на позитивни промени во заедницата. |

| | | |
|---|---|---|
| | Натпревари | Училиштето редовно учествува на општински, регионални и државни и меѓународни натпревари во различни области и наставни предмети како: математика, мајчин јазик, природни науки,англиски јазик, италијански јазик, ликовни натпревари и конкурси и музичка уметност со учество на оркестарот хорот, спорт и хуманитарни активности.<br>Активна улога има и фолклорната секција со учество на ревијални смотри и натпревари но акцент е улогата на преставување на нашата татковина на меѓународни натпревари и фестивали.<br>Учениците постигнуваат значајни резултати и се истакнуваат по дисциплина упорност и тимски дух.<br>Наставниците кои ги подготвуваат учениците добиваат признание за нивната посветеност, а училиштето ја наградува и промовира успешноста на сите учесници преку училишни свечености и јавни пофалници.<br>Овие успеси го зголемуваат угледот на училиштето, ја поттикнуваат мотивацијата кај останатите ученици и придонесуваат за развој на култура н успех и континуирано учење. |

## Опис/ резиме, силни страни, слаби страни и приоритетите во однос на:

### Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

Подрачјето „Планирање, настава и учење“ претставува основа на квалитетното воспитно-образовно функционирање на училиштето. Во ова подрачје се опфатени сите аспекти што го определуваат процесот на подготовка, реализација, следење и евалуација на наставата, како и условите во кои се одвива учењето на учениците.

Во текот на анализата се утврди дека наставниците во ООУ „Блаже Конески“ – Скудриње, со Подрачните училишта во с.Присојница и с.Аџиевци покажуваат висок степен на професионализам и посветеност кон наставниот процес. Планирањето на наставата е систематско и усогласено со наставните програми и законските рамки, а во исто време се овозможува флексибилност и прилагодување според потребите на учениците. Наставниците активно соработуваат меѓусебно и со стручната служба при подготовка и реализација на наставните активности, што резултира со подобра организација и повисок квалитет на наставата.

Наставниот процес се одвива во позитивна и мотивирачка атмосфера, каде што учениците се поттикнуваат на активно учество, критичко размислување и креативност. Се применуваат различни методи и техники на работа – од фронтална и групна настава, до проектна и истражувачка работа, што ја збогатува наставната динамика и ја зголемува ангажираноста на учениците.
Во училиштето се развива инклузивна култура на учење, со јасно изразена поддршка за учениците со посебни образовни потреби и оние кои имаат потешкотии во учењето. Наставниците покажуваат чувствителност и прилагодување на наставните содржини, а педагогот обезбедува континуирана стручна помош и насоки.
Посебно внимание се посветува на воннаставните активности и натпревари, кои се богати, разновидни и добро организирани. Учениците активно учествуваат во нивното планирање и реализација, што придонесува за развој на чувство на одговорност, самодоверба и припадност кон училиштето.
Во целина, училиштето поседува стабилна организациска структура и развиена култура на соработка, која го поддржува континуираното подобрување на наставата и учењето. Сепак, постојат одредени области во кои е потребно дополнително усовршување, особено во делот на користење на дигитални алатки, систематска анализа на резултати и стандардизирано следење на напредокот на учениците.

**Силни страни**

- Добро организирано и координирано планирање на наставниот процес на ниво на наставници, активи и стручна служба.
- Постојана соработка меѓу наставниците и споделување на добри практики, што придонесува за професионален развој и квалитетна реализација на наставата.
- Примена на активни и современи методи на работа кои го поттикнуваат ученикот на активно учење, самостојно размислување и истражување.
- Развиена инклузивна пракса и поддршка за ученици со различни образовни потреби, во соработка со педагог.
- Позитивна училишна клима, со нагласена почит, доверба и отворена комуникација меѓу учениците и наставниците.
- Богата понуда на воннаставни активности и натпревари кои овозможуваат развој на талентите, интересите и социјалните вештини на учениците.
- Активна вклученост на учениците во планирањето и реализацијата на активности, што придонесува за градење на лидерски и организациски способности.
- Поддршка од раководството и стручната служба за иновативни пристапи во наставата и примена на нови технологии.
- Добра опременост со наставни и нагледни средства по наставните предмети и поседување на икт опрема за наставниот кадар

**Слаби страни**

- Нееднаква примена на современи методи и дигитални алатки од страна на сите наставници – дел сè уште користат традиционален пристап кон наставата.
- Недоволно систематско следење и анализа на податоци за напредокот на учениците (чек листи, тестови, презентации) по предмети и одделенија.
- Недоволно учество во истражувачки активности и изработка на проекти.
- Дел од воннаставните активности се повторуваат секоја година, без вметнување на нови и креативни содржини.
- Потребна е поголема вклученост на родителите во процесот на следење и поддршка на учењето дома.
- Непостоење на стандардизиран систем за мерење на ефектите од оценувањето и дополнителната настава.
- Дел од наставниот кадар не е стручен поради немање на високо образовен наставен кадар во Агенцијата за вработување

**Приоритети**

- Унапредување на дигиталната компетентност на наставниците преку организирање на стручни обуки и размена на искуства.
- Воведување на систем за континуирано следење и анализа на напредокот на учениците со помош на педагошки индикатори и софтверски алатки.
- Модернизација на наставниот процес преку зголемена употреба на ИКТ, визуелни и интерактивни наставни ресурси, за употреба на новата технологија(смарт и андроид табли)
- Поттикнување на иновативни форми на настава и проектни активности кои развиваат истражувачки дух и критичко размислување кај учениците.
- Развивање на нови и креативни воннаставни програми во согласност со интересите на учениците и современите општествени вредности.
- Зајакнување на партнерството меѓу училиштето, родителите и локалната заедница во насока на поголема поддршка за учењето и развојот на учениците.
- Воведување на редовна евалуација на ефектите од применетите наставни стратегии и активности, со цел подобрување на целокупниот квалитет на наставата.
- Стручно усовршување за употреба на целокупниот технички потенцијал од наставни и нагледни средства за подобрување на квалитетна настава

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br><br>- Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди.<br><br>- Резултати од екстерни тестирања.<br><br>- Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост.<br><br>- Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците.<br><br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата**<br><br>- Редовност во наставата.<br><br>- Советување на родители/старатели и ученици.<br><br>- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава.<br>. |

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКУДРИЊЕ Подрачје 2: Постигања на учениците**

## Собирање податоци

### Индикатор 2.1 Постигања на учениците

**Извори на податоци**

- ✓ Годишен извештај за успех, евиденција во електронски дневник,
- ✓ статистички табели за редовност и постигнувања по пол и јазик,
- ✓ резултати од екстерни тестирања,
- ✓ извештаи од наставници, педагошки белешки и записници од стручни активи.

**Извори на податоци**

Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди

**Извори на податоци**

Во ООУ „Блаже Конески“ – Скудриње и неговите подрачни училишта редовно се следи успехот и напредокот на учениците според пол, јазик на наставата и предметна област. Анализата за последните две учебни години покажува дека **училишното постигнување е на стабилно високо ниво.**

Во учебната 2023/2024 година просечниот успех изнесувал **4.20**, додека во 2024/2025 година **4.40**, што претставува благ пораст и позитивен тренд во развојот на квалитетот на наставата.

Процентуалната распределба на успехот по години е следна:







| Категорија | 2023/2024 (бр.) | 2023/2024 (%) | 2024/2025 (бр.) | 2024/2025 (%) |
|---|---|---|---|---|
| Описно оценети | 25 | 26.88% | 30 | 32.26% |
| Одличен | 39 | 41.94% | 36 | 38.71% |
| Мн.добар | 23 | 24.73% | 16 | 17.20% |
| Добар | 13 | 13.98% | 4 | 4.30% |
| Доволен | 1 | 1.08% | 1 | 1.08% |

Од анализата може да се забележи дека најголем број ученици во двете години постигнале одличен успех, а процентот на ученици со описно оценување е во пораст. Се забележува благ пад кај учениците со многу

| | |
|---|---|
| | добар и добар успех, што укажува на потреба за зголемена поддршка за оваа група. |
| Резултати од екстерни тестирања | Училиштето редовно учествува во национални и екстерни тестирања организирани од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование.<br>Резултатите покажуваат дека **учениците постигнуваат резултати над националниот просек**, особено по предметите **математика, англиски и македонски јазик**, што ја потврдува квалитетната подготовка и професионалност на наставниците.<br>Секој резултат од екстерните тестирања се анализира на ниво на училиште и се користи како основа за подобрување на наставниот процес и поставување реални цели за следната година. |
| Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Во училиштето е воспоставен систем за идентификација и поддршка на ученици со тешкотии во учењето, **ученици со попреченост и надарени ученици**.<br>Стручната служба во соработка со наставниците изготвува индивидуални образовни **планови (ИОП)** за учениците со потешкотии, следејќи ги насоките од законската регулатива и стручните препораки.<br>Покрај тоа, се организира **дополнителна настава** со цел надоместување на наставните дефицити, како и **додатна настава** за надарените ученици кои покажуваат исклучителни резултати и учествуваат на натпревари.<br>Работата со овие групи ученици се реализира во **топла и поддржувачка средина**, со нагласен индивидуален пристап и активно вклучување на родителите. |
| Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето обезбедува редовна, навремена и транспарентна комуникација со родителите за постигањата и напредокот на учениците.<br>Информирањето се врши преку родителски средби, индивидуални консултации, писмени извештаи и електронски дневник.<br>Родителите се активно вклучени во процесот на поддршка на учениците, особено кога станува збор за ученици со потешкотии или намалени постигнувања. Овој систем на соработка ја зголемува одговорноста, мотивацијата и взаемната доверба помеѓу училиштето и семејството. |
| | |

**Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата**

| Извори на податоци | Извори на податоци | Извори на податоци |
|---|---|---|
| ✓ Извештаи од наставници, записници од стручни активи,<br>✓ педагошки белешки, извештаи од дополнителна и додатна настава,<br>✓ записници од советувања со родители и ученици, податоци за редовност на часови. | Редовност во наставата | Редовноста на учениците се следи систематски преку електронскиот дневник и месечни извештаи. Поголемиот дел од учениците имаат **висок процент на присуство на часовите**, што придонесува за стабилност во успехот.<br>Во случаите на чести изостаноци, стручната служба веднаш стапува во контакт со родителите и предлага мерки за подобрување на редовноста.<br>Преку ваквиот пристап се овозможува **навремено спречување на евентуални падови во успехот.** |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Педагошко-психолошката служба реализира **советувалишта и индивидуални средби** со ученици и родители, особено со оние кои покажуваат слаб напредок или имаат тешкотии во учењето.<br>Целта на овие средби е **јакнење на мотивацијата, самодисциплината и чувството на одговорност кај учениците**, како и воспоставување подобра комуникација помеѓу училиштето и семејството.<br>Со ваквите активности се овозможува подобра поддршка и создавање на **позитивен однос кон учењето.** |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Во училиштето редовно се **организираат дополнителна и додатна настава** во согласност со годишните планови и анализите на успехот.<br>Дополнителната настава е насочена кон ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, додека додатната е наменета за **негување на талентите и подготовка за натпревари.**<br>Овие активности се реализираат во мала група или индивидуално, што овозможува ефективна работа и видливи резултати.<br>Континуираното следење на резултатите од овие настави покажува дека учениците **значително го подобруваат својот успех**, што ја потврдува нивната функционалност и ефективност. |

## Опис/ резиме, силни страни, слаби страни и приоритетите во однос на:

### Подрачје 2: Постигањанаучениците

**Опис/резиме на подрачјето**

Подрачјето „Постигања на учениците“ го прикажува нивото на знаења, вештини и ставови што учениците ги стекнуваат во текот на образовниот процес, како и ефикасноста на училиштето во обезбедување поддршка за секој ученик според неговите способности и потреби.

Во училиштето се бележи континуиран позитивен тренд на успехот на учениците, со стабилни резултати во двете последователни учебни години.

Податоците за 2023/2024 и 2024/2025 година покажуваат дека просечниот успех е висок и стабилен, со вредности кои укажуваат на континуирана посветеност на наставниците и активна вклученост на учениците во наставниот процес.

Во учебната 2023/2024 година, најголем број ученици постигнале одличен успех (41.94%), а 24.73% се оценети со многу добар успех.

Описно оценетите ученици сочинуваат 26.88%, додека помал дел се со добар успех (13.98%) и доволен (1.08%).

Оваа распределба покажува дека повеќе од две третини од учениците постигнуваат резултати во горниот дел од скалата, што укажува на ефективна и продуктивна настава.

Во учебната 2024/2025 година, процентот на одлични ученици е 38.71%, а 17.20% постигнале многу добар успех.

Описно оценетите ученици бележат пораст (32.26%), додека учениците со добар успех се намалени на 4.30%, а доволните остануваат на исто ниво (1.08%).

Овие податоци потврдуваат дека успехот на учениците останува стабилен и на високо ниво, со тенденција на благ пораст на бројот на ученици кои ги исполнуваат стандардите на постигнување.

Севкупно, анализата укажува дека во училиштето се одржува висок квалитет на наставниот процес, со постојана грижа за напредокот на сите ученици.

Намалувањето на бројот на ученици со понизок успех е позитивен сигнал за ефикасноста на наставниците, а зголемувањето на бројот на описно оценети ученици укажува на поголем акцент на индивидуализираниот пристап и прилагодување на наставата според потребите на учениците.

Во училиштето се спроведува редовно следење на постигањата според пол, наставен јазик и предмет, при што се прават анализи и се подготвуваат извештаи кои се користат за унапредување на наставната практика.

Покрај тоа, училиштето покажува сериозна грижа за учениците со потешкотии во учењето, учениците со попреченост и надарените ученици. За нив се изготвуваат индивидуални планови (ИОП), се реализира дополнителна и додатна настава, а во дел од случаите се вклучува и соработка со родителите и надворешни стручни лица.

Постојано се негува соработката со родителите, кои редовно се информираат за постигнувањата на своите деца преку родителски средби, индивидуални консултации и електронскиот дневник.

Учениците се охрабруваат за активно учество на општински, регионални и државни натпревари по различни предмети (математика, англиски, италијански јазик, географија и др.), каде постигнуваат забележителни резултати, што дополнително го подигнува угледот

на училиштето.Иако резултатите генерално се позитивни, забележливо е мало зголемување на бројот на ученици со „доволен успех“, што укажува на потреба од засилена поддршка и индивидуален пристап во дел од паралелките.
Во целина, училиштето располага со стабилен систем за следење, анализа и подобрување на ученичките постигања, но постои простор за уште поголема примена на дигитални алатки, подетална анализа на податоците и натамошно зајакнување на индивидуалната работа со учениците.

**Силни страни**

- ✓ Континуирано висок просечен успех на учениците (над 4.40) и позитивен тренд на напредок во последните години.
- ✓ Систематско следење и анализа на резултатите по предмети, пол и наставен јазик.
- ✓ Професионален пристап на наставниците и стручната служба во обезбедување поддршка за сите ученици.
- ✓ Воспоставена пракса на индивидуализирана работа со ученици со тешкотии и изработка на ИОП планови.
- ✓ Активна и ефективна дополнителна и додатна настава што дава реални резултати во подобрување на успехот.
- ✓ Добра комуникација со дел родителите преку родителски средби, индивидуални консултации и електронски дневник.
- ✓ Учество и успеси на учениците на различни општински, регионални и државни натпревари, што го потврдува нивниот квалитет.
- ✓ Позитивна училишна култура која го поттикнува ученикот кон развој, одговорност и мотивација за учење.

**Слаби страни**

- ✓ Мало зголемување на бројот на ученици со „доволен успех“ во споредба со претходната учебна година.
- ✓ Дел од учениците имаат потреба од посилна мотивација и индивидуална поддршка во предмети со повисоки когнитивни барања.
- ✓ Недоволна искористеност на дигитални алатки и аналитички системи за следење на постигнувањата по предмети и одделенија.
- ✓ Потреба од почеста размена на податоци меѓу наставниците за следење на континуитетот во постигањата на учениците.
- ✓ Ограничен број ресурси и современи материјали за диференцирана работа со ученици со потешкотии.
- ✓ Недоволен интерес на дел родителите за успехот на своите деца

**Приоритети**

- ✓ Воспоставување на систематска анализа на ученички постигања преку дигитални платформи и внатрешни индикатори за успех.
- ✓ Унапредување на индивидуалниот пристап и поддршката за учениците со потешкотии во учењето, со фокус на мотивација и практични активности.
- ✓ Развивање на стимулативни програми за надарени ученици и нивна подготовка за натпревари и јавни настапи.
- ✓ Зајакнување на соработката со родителите преку организирани советувања, работилници и заеднички активности.
- ✓ Подобрување на педагошката документација и анализите на успехот за полесно следење на напредокот на секој ученик.
- ✓ Поттикнување на интердисциплинарни и проектни активности кои го зголемуваат интересот и примената на стекнатите знаења во пракса.
- ✓ Зголемување на бројот на обуки за наставниците за примена на современи форми на евалуација и диференцирана настава.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>- Углед/имиџ на училиштето<br>- Кодекс на однесување<br>- Училишна клима<br>- Поведение и дисциплина во училиштето<br>- Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>- Познавање и почитување на правата на децата<br>- Еднаков и правичен третман на сите ученици<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>- Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>- Соработка со општината и со урбаната заедница<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците**<br><br>- Превенција и заштита од насилство<br>- Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>- - Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>- Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>-  Хигиена и заштита од болести и грижа за учениците со здравствени проблеми<br>- Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br>- Давање помош при изборот за продолжување на образованието |

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКУДРИЊЕ

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| <ul><li>Анкети и интервјуа со ученици,</li><li>наставници и родители, записници од стручни активи,</li><li>педагошки белешки,</li><li>Кодекс на однесување, извештаи од педагог</li><li>извештаи за дисциплински мерки и училишни активности.</li></ul> | Углед/имиџ на училиштето | ООУ „Блаже Конески“ – Скудриње има изграден **позитивен углед во заедницата**, заснован на долгорочна традиција, професионалност и ангажман на раководниот и наставниот кадар.<br>Училиштето е препознатливо по квалитетната настава, активностите во заедницата и соработката со институциите.<br>Граѓаните и родителите генерално имаат **високо ниво на доверба во училиштето**, особено поради неговата отвореност, пристапност и грижата кон учениците. |
| | Кодекс на однесување | Во училиштето е усвоен **Кодекс на однесување**, кој ги уредува правилата на однос и комуникација меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес.<br>Кодексот е познат и се почитува од страна на наставниците, учениците и техничкиот персонал.<br>Преку него се поттикнуваат вредности како **взаемна почит, култура на дијалог, соработка и лична одговорност.**<br>На почетокот на секоја учебна година, кодексот се претставува на часовите на одделенска заедница, а неговите правила се редовно потсетувани преку постери и едукативни активности. |
| | Училишна клима | Во ООУ „Блаже Конески“ – Скудриње владее **позитивна и поддржувачка училишна клима**, која овозможува квалитетна средина за учење, развој и личен напредок на сите ученици.<br>Односите меѓу наставниците, учениците и стручната служба се **втемелени на заемно почитување, разбирање и доверба**. Наставниците покажуваат професионализам, отвореност и подготвеност за соработка, а учениците се чувствуваат прифатени, мотивирани и охрабрени да се вклучуваат во наставните и воннаставните активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во училиштето се поттикнува **култура на дијалог, толеранција и меѓусебно почитување.**<br>Преку заеднички активности, проекти и училишни настани се гради тимски дух и припадност на колективот.<br>Наставниците активно работат на создавање на средина без страв и притисок, каде што секој ученик може слободно да се изрази и да го покаже својот потенцијал.<br>Стручната служба има значајна улога во унапредувањето на училишната клима преку организирање **на советувања, разговори и превентивни активности** за подобрување на односите меѓу учениците.<br>Во училиштето **се поттикнуваат позитивни модели на однесување**, се препознаваат и наградуваат успехот, трудот и доброто однесување на учениците. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Во училиштето генерално владее **ред и дисциплина**, но се согледува потреба од понатамошно унапредување на доследноста во почитувањето на правилата.<br>Учениците се однесуваат културно, покажуваат почит кон наставниците и меѓусебно, но во одредени случаи е **потребна дополнителна педагошка поддршка** за одржување на дисциплина, особено кај повозрасните одделенија.<br>Наставниците активно работат на превенција преку разговори, советувања и индивидуален пристап, а стручната служба посредува во случаите кога се јавуваат конфликти или недисциплина. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Учениците се охрабруваат **активно да учествуваат во животот на училиштето** преку ученичкиот парламент и одделенските заедници.<br>Тие даваат предлози за активности, проекти и хуманитарни акции, и се вклучуваат во решавање на одредени прашања што ги засегаат.<br>Со ваквиот пристап училиштето развива **демократска култура, чувство на одговорност и самодоверба кај учениците** |

| Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Извори на податоци** | **Извори на податоци** |
| ✓ Анкети со ученици и наставници,<br>✓ педагошки белешки, записници од стручни активи,<br>✓ извештаи од активности за инклузија и меѓуетничка соработка,<br>✓ годишен план за инклузија.. | Познавање и почитување на правата на децата | Училиштето активно промовира **почитување на детските права** преку часови на граѓанско образование, одделенска заедница и различни тематски активности.<br>Наставниците и педагогот одржуваат едукативни часови и дискусии на теми поврзани со правата и одговорностите на децата, а учениците учествуваат во подготовка на постери, сценки и работилници.<br>На тој начин, се создава свест кај учениците за **толеранција, прифаќање на различностите и одговорно однесување.** |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Во училиштето се обезбедува **еднаков и правичен пристап за сите ученици**, без разлика на нивниот пол, етничка припадност, наставен јазик, социјален статус или индивидуални способности.<br>Наставниците применуваат **инклузивни методи и диференцирана настава**, со што се овозможува секој ученик да учествува и да напредува според своите можности.<br>Покрај тоа, се реализираат заеднички активности на ученици од различни паралелки и наставни јазици, што ја поттикнува меѓуетничката интеграција и меѓусебното почитување. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Извори на податоци** | **Извори на податоци** |
| Записници од состаноци со родителите, општината и локалните институции, извештаи од училишни проекти,<br>медиумски прилози и фотографии од активности. | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Соработката со родителите постои, но **не е на завидно ниво** и претставува област во која училиштето може дополнително да се зајакне.<br>Редовно се одржуваат родителски средби, индивидуални консултации и средби со педагогот, но дел од родителите не се доволно ангажирани во училиштниот живот.<br>Сепак, училиштето прави напори за подобрување на оваа соработка преку вклучување на родителите во **работилници, проекти и советувалишта**. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето има развиена и активна соработка со општината, МВР, Црвениот крст и други институции. Се реализираат едукативни предавања за безбедност во сообраќајот , превенција од насилство, заштита од штетни навики,земјотреси, поплави и пожари Полицијата и претставници од институции повремено одржуваат работилници со учениците од повисоките одделенија.<br>Овие активности го зајакнуваат партнерскиот однос меѓу училиштето и заедницата и придонесуваат за поголема безбедност и информираност на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Извори на податоци** | **Извори на податоци** |
| ✓ Педагошки и психолошки извештаи,<br>✓ записници од состаноци на стручни тимови,<br>✓ план за заштита на децата,<br>✓ извештаи од Црвен крст, фотографии и извештаи од активности | Превенција и заштита од насилство | Училиштето спроведува **различни превентивни активности** насочени кон спречување на насилството. Педагогот редовно одржува предавања и едукативни часови, а во дел од нив се вклучува и полицијата. Се негува атмосфера на отворена комуникација и доверба меѓу учениците и наставниците, каде што секој случај се третира сериозно и навремено. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | На овие теми редовно се реализираат **предавања и дискусии** од страна на педагогот, стручни лица и претставници од институции. Учениците од повисоките одделенија се особено вклучени во овие активности преку проекти, цртежи и дебати. Целта е развивање на **здрави навики, свесност и одговорност за сопственото однесување.** |
| | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето се почитуваат **стандардите за хигиена и исхрана.** Се врши редовна проверка на условите во училниците, тоалетите и трпезаријата. Постојат активности за промовирање на лична хигиена и здрав начин на живот, а учениците се охрабруваат да се грижат за чистотата на просториите и своето здравје. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Безбедноста е еден од приоритетите на училиштето.<br>Се следат сите протоколи за безбедно движење, евакуација и заштита од повреди.<br>Училиштето соработува со општината и полицијата во делот на **сообраќајна и физичка безбедност**, а на учениците редовно им се одржуваат вежби и обуки. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | За овие ученици училиштето обезбедува **специфична поддршка и разбирање.**<br>Се реализираат хуманитарни акции, се овозможува помош при набавка на материјали, а наставниците покажуваат емпатија и внимание.<br>Стручната служба е во постојан контакт со семејствата и локалните служби, со цел секое дете да добие поддршка што му е потребна. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | ООУ „Блаже Конески“ – Скудриње посветува **посебно внимание и грижа за учениците кои имаат здравствени проблеми или хронични заболувања**, со цел тие да бидат рамноправно вклучени во воспитно-образовниот процес и да се чувствуваат безбедно и прифатено во училишната средина.<br>Наставниците и стручната служба се запознаени со здравствената состојба на овие ученици и во соработка со родителите преземаат мерки за адаптација на наставата, кога тоа е потребно.<br>Во случаите кога ученикот има одредени ограничувања (на пример, физички, респираторни, алергиски или хронични состојби), училиштето обезбедува **соодветна организација на часовите, местоположба во училницата и индивидуален пристап**.<br>Педагогот и класните раководители одржуваат **редовна комуникација со родителите** за следење на здравствената состојба и напредокот на ученикот, а по потреба се бара и консултација со лекар или соодветен стручњак.<br>Во одредени ситуации се применува и **флексибилност во оценувањето и учеството на часовите**, особено кога здравствената состојба го ограничува присуството или физичката активност на ученикот. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Се негува **топла и поддржувачка училишна средина**, каде што учениците можат слободно да се изразат, да побараат помош и совет.<br>Педагогот е достапен за индивидуални разговори и советувања.<br>Преку тимска работа, екскурзии и заеднички активности, се поттикнува чувството на припадност и задоволство од училишниот живот. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Во завршните одделенија се спроведува **професионална ориентација**.<br>Наставниците и педагогот ги советуваат учениците при избор на понатамошно образование, во согласност со нивните способности и интереси.<br>Се организираат средби со претставници од средни училишта и информативни часови за запознавање со различни насоки и можности. |

## Опис/ резиме, силни страни, слаби страни и приоритетите во однос на:

### Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето**

Подрачјето „Училишна клима и односи во училиштето“ го опфаќа севкупното функционирање на училиштето како заедница – начинот на комуникација меѓу наставниците, учениците, родителите и стручната служба, како и односот кон вредностите, дисциплината, правичноста и заштитата на секое дете.

Во ООУ „Блаже Конески“ – Скудриње, анализата покажува дека владее **позитивна и поддржувачка училишна клима**, во која доминира **меѓусебна почит, соработка и партнерски однос меѓу сите учесници** во воспитно-образовниот процес.

Наставниците се трудат да создадат **топла и безбедна средина**, каде секој ученик се чувствува прифатен и вреднуван. Учениците во најголем број случаи покажуваат **културно однесување и почитување на правилата**, иако постои потреба од понатамошно јакнење на дисциплината кај дел од повозрасните одделенија.

Во училиштето е усвоен и се применува **Кодекс на однесување**, кој претставува важен документ за регулирање на односите и поставување на стандарди на однесување. Наставниците и учениците го познаваат и почитуваат Кодексот, што придонесува за создавање чувство на ред, одговорност и взаемна доверба. Особено внимание се посветува на **еднаквоста и правичноста во третманот на сите ученици**, без разлика на пол, етничка припадност, социјален статус или способности.
Наставниците применуваат инклузивни пристапи и прилагодени методи на работа, за да се овозможи рамноправно учество и напредок на секое дете.
Се негуваат вредности како **толеранција, разбирање и меѓуетничка соработка**, преку заеднички активности и проекти. Во однос на соработката со родителите, се забележува дека таа **постои, но може да биде поактивна и посистематска**.
Редовно се организираат родителски средби, индивидуални разговори и советувања, но не сите родители покажуваат доволна вклученост во животот на училиштето.
Од друга страна, училиштето има **одлична соработка со локалната самоуправа, МОН,БРО,ДПИ,Здраствен дом, МВР, Црвениот крст и други институции**, преку кои се реализираат предавања и активности за превенција, безбедност и здрав живот. Грижата за учениците е на **високо ниво**.
Наставниците и стручната служба редовно одржуваат едукативни предавања и работилници за теми како превенција на насилство, злоупотреба на дрога и алкохол, здравје, хигиена и правилна исхрана.

За учениците со здравствени проблеми и оние од социјално загрозени семејства се обезбедува **индивидуална поддршка, разбирање и помош**, со цел никој ученик да не биде запоставен. Во повисоките одделенија се спроведува **професионална ориентација**, каде наставниците и педагогот им помагаат на учениците при избор на понатамошно образование.

Севкупно, училиштето се карактеризира со **топла, безбедна и поддржувачка атмосфера**, во која учениците се чувствуваат сигурни и прифатени, а наставниците исполнети и мотивирани.
Иако постојат сегменти за унапредување – особено во активната вклученост на родителите и доследната примена на правилата за однесување – училиштето покажува **висок степен на зрелост и посветеност кон грижата за секое дете и заедничките вредности.**

**Силни страни**

- Позитивна, поддржувачка и безбедна училишна клима, со изразено чувство на припадност и заедништво.
- Добри меѓучовечки односи помеѓу наставниците, учениците и стручната служба.
- Применет и почитуван **Кодекс на однесување** кој придонесува за ред, одговорност и културна комуникација.
- Активно промовирање на **еднаквост, правичност и толеранција** меѓу учениците од различни етнички и социјални средини.
- Континуирана грижа за учениците со здравствени проблеми и оние со социјални потешкотии.
- Добра соработка со институции за едукација и превенција.
- Активности за **превенција на насилство и штетни навики**, спроведени од педагогот и надворешни стручни лица.
- Постојано следење на социјално-емоционалната благосостојба на учениците.
- Професионална ориентација и советување за учениците од повисоките одделенија.
- Позитивен имиџ и углед на училиштето во локалната заедница.

**Слаби страни**

- Недоволна вклученост на дел од родителите во училиштниот живот и во активностите на училиштето.
- Недоволна дисциплина и мотивација кај мал дел од учениците, особено во повисоките одделенија.
- Потреба од почеста примена на современи облици на емоционална и социјална поддршка кај учениците со потешкотии.
- Недостаток на систематска анализа и мерење на влијанието на превентивните активности.

- Ограничени материјални и просторни ресурси за реализација на дополнителни активности и креативни проекти.
- Непостојано ангажирање на некои родители при решавање на ученички проблеми или при реализација на воспитни активности.

**Приоритети**

- Зајакнување на **училишната дисциплина и одговорност** преку континуирана едукација, наградување на позитивно однесување и вклучување на учениците во донесување одлуки.
- Подобрување на **соработката со родителите** преку советувалишта, заеднички активности и поголема вклученост во наставниот процес.
- Развивање на **психолошка и емоционална поддршка** преку индивидуални и групни советувања, за подобрување на климата и справување со стресот кај учениците.
- Зголемување на **инклузивните активности** и индивидуалната поддршка за ученици со здравствени, социјални или училишни потешкотии.
- Продлабочување на **соработката со институциите од локалната заедница**, со цел поголема превенција и безбедност на учениците.
- Јакнење на **тимската работа меѓу наставниците и стручната служба** во делот на следење на ученичките потреби и координација на воспитните активности.
- Организирање на **обуки за наставниците** во насока на градење на позитивна училишна клима, ненасилна комуникација и инклузивен пристап.
- Поттикнување на **ученичка самоуправа и демократско учество** преку ученички парламент, иницијативи и волонтерски акции.
- Потикнување кон самоиницијативно организирање за реализација на општествено корисна работа и еколошки акции во училиштето и локалната средина.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br><br>- Управување со училиштето<br>- Раководење со училиштето<br>- Управување и раководење со ресурсите<br>- Раководење со кадарот<br>- Следење и унапредување на наставниот процес<br><br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика**<br><br>- Процедури за креирање на училишната политика<br>- Резултати од развојно планирање<br>- Планирање и управување со училишниот буџет |

По др

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКУДРИЊЕ Подрачје 4 : Управување и раководење со училиштето**

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Извори на податоци** | **Извори на податоци** |
| ✓ Годишен план,<br>✓ развоен план,<br>✓ финансиски план,<br>✓ записници од стручни органи,<br>✓ извештаи од посети на часови,<br>✓ извештаи од тимови и активности на стручната служба, | Управување со училиштето | Во ООУ „Блаже Конески“ – Скудриње, управувањето со училиштето се реализира на **високо ниво на одговорност, професионалност и ангажираност.**<br>Директорот успешно ја координира работата на сите учесници во воспитно-образовниот процес, се грижи за спроведување на законските обврски и создавање на услови за квалитетна настава.<br>Сите активности се спроведуваат во согласност со **годишниот, развојниот и финансискиот план**, а одлуките се донесуваат транспарентно и колективно.<br>Раководството покажува висока посветеност на остварување на училишните цели и приоритети,реализација на мисијата и визијата како и на континуирано унапредување на наставата, организацијата и дисциплината. |

| | | |
|---|---|---|
| анкетни листови, извештаи за работа на директорот. | Раководење со училиштето | Раководењето се одвива на демократски и тимски начин.<br>Директорот има **отворен и комуникативен пристап**, обезбедувајќи добра атмосфера за работа, соработка и взаемна поддршка меѓу сите вработени.<br>Постојат редовни состаноци со наставниците и стручната служба, каде се дискутира за тековните активности, проблемите и решенијата.<br>Се поттикнува професионална култура на **споделување идеи, меѓусебно почитување и вклученост во одлучувањето.**<br>Овој пристап овозможува училиштето да функционира како **единствен тим**, насочен кон заедничка цел – квалитетно образование и напредок на учениците. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето располага со **доволна материјално-техничка основа** за реализација на современа настава.<br>Сите  училниците се **опремени со телевизори, четири со паметни и андроидтабли, два кабинета по информатика, најсовремени средства за природни науки, историја, географија, математика,** што овозможува користење на дигитални содржини и интерактивна настава.<br>Наставниците имаат на располагање лап топ компјутери од најнова серија и истите  се користат рационално и според приоритетите на училиштето.<br>Се води грижа за одржување на опремата, безбедноста на просторот и функционалноста на наставните средства.<br>Иако постојат добри услови, потребно е **понатамошно модернизирање и збогатување на наставните ресурси** во согласност со финансиските средства и потребите на училиштето незастанувајќи зад современите текови во образовниот процес. |
| | Раководење со кадарот | Наставниот кадар е во најголем дел **стручен, мотивиран и посветен** на својата работа. Директорот и стручната служба го следат професионалниот развој на вработените и ги поттикнуваат на активно учество во обуки, семинари и стручни советувања. Постојано се обезбедува поддршка за наставниците преку внатрешни форми на усовршување, размена на искуства и советување во рамки на стручните активи.<br>Иако дел од кадарот има потреба од дополнителни обуки, **ентузијазмот и подготвеноста за напредување** се видливи и позитивни. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Наставниот процес во училиштето се следи континуирано преку **посети на часови, анализи, извештаи и дискусии**. Директорот, педагогот и раководителите на активите редовно ги анализираат резултатите од наставата и постигнувањата на учениците.<br>Се изготвуваат извештаи и препораки за унапредување на наставните практики, кои се дискутираат во колективот. Преку стручните активи се споделуваат добри примери, се разработуваат наставни стратегии и се следи напредокот на учениците. Со овој систем се обезбедува **континуирано подобрување на квалитетот на наставата и постојано професионално унапредување на наставниот кадар.** |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ✓ Годишен план за работа,<br>✓ развоен план,<br>✓ записници од стручни органи,<br>✓ извештаи од Совет на родители,<br>✓ училишен одбор,<br>✓ анкетни листови и<br>✓ педагошки извештаи. | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има воспоставени **јасни и транспарентни процедури** за креирање на училишната политика. Политиките и документите се изработуваат во **тимска соработка** на наставниците, педагогот, директорот, Советот на родители и Училишниот одбор.<br>Сите документи се усогласени со законската рамка и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и благосостојбата на учениците.<br>Овој процес овозможува вклученост на различни чинители и ја поттикнува **демократската култура и колективното одлучување** во училиштето. |
| | Резултати од развојно планирање | Развојното планирање се спроведува континуирано и има значајно влијание врз напредокот на училиштето.<br>Преку овој процес се поставуваат **реални и измерливи цели**, се следи нивното остварување и се евидентира напредокот.<br>Резултатите од развојните планови покажуваат дека училиштето постојано работи на подобрување на условите за престој иработа на учениците и наставниот кадар, дигитализација, еколошки активности и партнерство со заедницата.<br>Планот редовно се ажурира и се користи како **водич за унапредување на сите сегменти на училиштето.** |

| | | |
|---|---|---|
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето располага со буџет на финансиски средства доделен од општината според број на ученици, згради, простории и др. со кои се управува рационално, законски и транспарентно.<br>Буџетот се планира врз основа на реалните потреби и приоритетите определени во годишниот и развојниот план.<br>Средствата се користат за одржување на училиштните простории, набавка на опрема, дидактички материјали и реализација на воспитно-образовните активности.<br>Финансиското работење е одговорно и транспарентно, со редовно известување до Училишниот одбор и надлежните институции. |

## Опис/ резиме, силни страни, слаби страни и приоритетите во однос на:

### Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

Подрачјето „Управување, раководење и креирање политики“ се однесува на начинот на кој училиштето се организира, планира, координира и управува со човечките, материјалните и финансиските ресурси, како и на тоа како ги креира и спроведува своите развојни цели и политики.
Во ООУ „Блаже Конески“ – Скудриње се бележи **висок степен на организираност, одговорност и професионалност** во сите сегменти на управување и раководење.
Директорот на училиштето е **ангажиран, комуникативен и посветен лидер**, кој го координира колективот со јасна визија и насока.
Сите вработени се запознаени со целите и приоритетите на училиштето и активно се вклучени во реализацијата на планираните активности.
Работата се одвива според **Годишниот, Развојниот и Финансискиот план**, кои се усогласени со потребите и можностите на училиштето.
Раководството обезбедува услови за **функционално тимско работење, демократска комуникација и колективно одлучување.**
Во училиштето владее позитивна атмосфера, меѓусебно почитување и подготвеност за заедничко делување во интерес на учениците и квалитетот на наставата.
Училиштето располага со **доволно современа материјално-техничка опрема**, со компјутери, паметни табли и телевизори во сите училници.
Ресурсите се користат рационално, одговорно и во согласност со поставените приоритети.
Иако условите се добри, потребно е континуирано унапредување и модернизација на дел од наставните средства и простории.

Наставниот кадар е **во најголем дел стручен, мотивиран и одговорен**, но постои потреба од повеќе обуки и стручни усовршувања за понатамошно подобрување на компетенциите.

Се спроведува редовно следење и анализа на наставниот процес преку посети на часови, стручни активи, педагошки анализи и извештаи.
Овој систем овозможува да се идентификуваат силните страни и областите кои бараат подобрување, со што училиштето постојано го подига квалитетот на наставата.
Креирањето на училишните политики се врши **на транспарентен и тимски начин**.
Во процесот се вклучени наставниците, педагогот, директорот, Советот на родители и Училишниот одбор.
Документите и плановите се усогласени со законските прописи и служат како реална насока за развој.
Развојното планирање има практично значење и придонесува кон постигнување подобри резултати, модернизација на наставата и подобра организација на училиштето.
Буџетот се користи рационално и со јасна намена – за подобрување на условите за работа, одржување на објектите и реализација на воспитно-образовните активности.
Финансиското работење се спроведува **транспарентно, одговорно и во согласност со приоритетите на училиштето.**
Во целина, училиштето покажува **висок степен на управувачка зрелост и раководна стабилност**.
Тимскиот дух, професионалната комуникација и посветеноста на сите вработени создаваат средина која овозможува напредок, сигурност и постојано унапредување на воспитно-образовниот процес.

**Силни страни**

- Високо ниво на професионалност, ангажираност и лидерство на директорот.
- Наградување на наставниците и учениците за постигнување на значајни резултати
- Демократско и транспарентно раководење со училиштето, засновано на тимска работа и колективно одлучување.
- Добра координација и соработка помеѓу директорот, педагогот и наставниците.
- Редовно следење, анализа и унапредување на наставниот процес преку стручни активи и извештаи.
- Постоечки и функционални планови: годишен, развоен и финансиски, кои се доследно спроведуваат.
- Училиштето располага со **модерна опрема и доволни ресурси** за реализација на наставата.
- Одговорно и рационално користење на финансиските средства.
- Наставен кадар кој е во најголем дел стручен, мотивиран и подготвен за напредување.
- Добра комуникација и стабилна организациска структура.
- Вклученост на родителите, стручните тимови и училишниот одбор во креирањето на политиките.

**Слаби страни**

- Мал број на обуки и стручни усовршувања за наставниците.
- Недоволно вклученост и интерес на наставниот кадар кон аплицирање на проекти.
- Дефицитарен кадар по неколку наставни предмети.
- Недоволна дисеминација и пренесување на знаењата на помладите наставници.
- Недоволна заинтераност на несоодветните наставници за стекнување на знања за современа настава.

**Приоритети**

- ✓ Зголемување на бројот на **обуки, семинари и стручни усовршувања** за наставниците и стручната служба.
- ✓ Унапредување на **дигиталната инфраструктура** и зголемена примена на ИКТ во наставата и администрацијата.
- ✓ Развивање на **систем за внатрешно оценување на ефикасноста** на плановите и активностите на училиштето.
- ✓ Продолжување на **поголема мотивација и наградување** на успешните наставници и ученици.
- ✓ Продлабочување на **соработката со локалната самоуправа и институциите** за заеднички проекти и инвестиции.
- ✓ Поттикнување на **иновативни форми на управување и саморефлексија** на раководството и колективот.
- Унапредување на **финансиското планирање** преку аплицирање за дополнителни фондови, грантови и проекти.
- Реновирање на преостанатиот дел од училници кои сеуште не се целокупно реновирани

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:**

Во текот на процесот на самоевалуација, училиштето има за цел систематско вреднување на својата работа и поставување на темели за постојано унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата овозможува да се идентификуваат силните и слабите страни на училиштето, како и да се дефинираат приоритетите за идниот развој.

Врз основа на овие сознанија, потребно е да се преземат конкретни мерки кои ќе придонесат за подобрување на образовната средина, зголемување на квалитетот на наставата и обезбедување соодветна поддршка за учениците и наставниците. Следните мерки се изработени врз основа на анализата на постигнувањата, приоритетите и тековните предизвици со кои се соочува училиштето.

- Едукација- обучување на наставниците за различни техники, форми, активности, инклузија, како наставници би ја подигнале на едно повисоко ниво.
- Формирање фонд на награди за учениците кои постигнале исклучителни резултати, со цел да се мотивaат и поттикнат за идни успеси.
- Реновирање на дел училници од централното и подрачните училишта кои сеуште не се реновирани, со цел да се осовременат и да се подобрат условите за работа и престој на учениците и наставниците.
- Реновирање на фасадата во подрачно училиште во Аџиевци и поставување на бела табла
- Инсталирање на клима уреди во Присојница и поставување на бели табли
- Реконструкција на јолуците – собирачи на вода како не би дошло до оштетување на таванските простории, училници и фасада.
- Замена на столарија во училниците како и канцелариски столчиња за наставниот кадар во кабинетите,во најголем дел би придонесле за квалитетот на наставата да биде на највисоко можно ниво.
- Промена на подовите во центалното училиште со цел подобри хигиенски услови, естетика и безбедност во училницата
- Промена на затоплувањето од котли на дрва во топлотни пумпи – еколошка придобивка
- Дополнување на библиотечниот фонд со нови лектирни изданија и замена на старите

**Комисија за спроведување на училишната самоевалуација**

1. **Бешир Рамадани – Директор**
2. **Мерхан Рамадани – Педагог, стручен соработник**
3. **Медат Арслани – Наставник предметна настава – Ментор**
4. **Семир Абдули – одделенски наставник – Актив на одделеснка заедница**
5. **Мирвет Мурати – Совет на родители и Училишен одбор**

**Директор**
**Бешир Рамадани**